**И т н о –ВРЕМЕНА МЕРКА!**

**ДО: УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**
ул. „Кеј Димитар Влахов" бр. 19 – 1000 Скопје
тел.–факс: 02/3119-355 | www.ustavensud.mk | mail@ustavensud.mk

**П О Д Н О С И Т Е Л И:**

1. **проф. д-р Димитар Апасиев** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
2. **Борислав Крмов** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
3. **м-р Реџеп Исмаил** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
4. **Јована Мојсоска** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
5. **Амар Мециновиќ** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
6. **м-р Сашко Јанчев** – ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

Службена адреса [на работно место на подносителите]:
бул. „11 Октомври" бр. 10 – 1000 Скопје
www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | тел.: 02/311-22-55

## И Н И Ц И Ј А Т И В А
## ПРЕТСТАВКА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА
## ЗАОЦЕНУВАЊЕНА УСТАВНОСТ И ЗАКОНИТОСТ НА ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ

### I

Целта на оваа иницијатива за конституциона, јудициелна, нормативна, репресивна и апостериорна контрола in abstracto, е поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на норми од ***Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини*** („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2026) **–** како општ легислаторен акт, односно правен пропис донесен од страна на **Собранието на Република Македонија**, – делумно, а поточно на неговиот контроверзен **член 3** со кој се изменува членот 55 став (2) алинеја 1 од основниот *Закон за минерални суровини* („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2012; 25/2013; 93/2013; 44/2014; 160/2014; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 53/2016; 120/2016; 189/2016; 7/2019; 99/2022; 129/2023; 253/2023; 147/2024 и 49/2025) (особено во подвлечениот дел):

***Член 3***

*Во членот 55 во ставот (2) во алинејата 1 по зборовите: "нема влијание на површината" се додаваат зборовите: "или одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација согласно со Законот за експропријација, за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон кои се од јавен интерес".*

**II**

Оваа иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на горенаведените оспорени одредби ја поднесуваме, согласно член 24, став 1; чл. 108; чл. 110, ст. 1, ал. 1, 2 и 3 и чл. 112, ст. 1 и 2 од ***Уставот на Република С. Македонија*** (1991); како и чл.23 од *Актот на Уставниот суд на Р. С. Македонија* (2024).

**III**

Во склоп на оваа Иницијатива, поради итноста и сериозноста на ова правно прашање, паралелно и симултано истакнуваме и посебно **БАРАЊЕ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ ВРЕМЕНА МЕРКА** (по чл. 37 од *Актот*) – поради тоа што со спроведувањето во пракса на оспорениот член 3 од *Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини*, може да настанат **тешко отстранливи и штетни последици по правната заштита на сопственоста и владеењето на правото** како темелни вредност на уставниот поредок на Републиката! Поради ова, неодложно бараме и инсистираме –во текот на траењето на постапката, а до донесувањето конечна одлука по предметов, во рок не подолг од три работни дена – Судот да донесе привремено *Решение за запирање на извршувањето на акти или дејствија* преземени врз основа на оспорената законска норма.

**IV**

Бараме комплетно ***поништување,*** т.е. **целосна касација** со ретроактивно дејство (лат.*extunc*=„оттогаш“) или ***укинување*** со дејство *ex nunc* („отсега“ за во иднина) на оспорените точки од побиваниот правен акт– по Ваша проценка и со Ваша конечна и мериторна одлука–од причини што, основано, сметаме дека постојат неотстранливи материјално-правни причини за ништовноста на оспорената одреба, која е во директна спротивност со *Уставот на РМ (1991) и Законот за експропријација* („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012; 131/2012; 24/2013; 27/2014; 104/2015; 192/2015; 23/2016; 178/2016; 122/2021; 111/2023; 208/2024 и 258/2025) а кои детално ќе ги објасниме во образложението подолу.

**V**

Сметаме дека горенаведената норма од побиваниот акт е спротивна на следниве ***уставни одредби***, стипулирани во нормативниот дел на *Уставот на РМ* (1991) – особено во Делот I: *Основни одредби*; во Делот II: *Основни слободи и права на човекот и граѓанинот*–оддел 1„Граѓански и политички слободи и права“, оддел 2 „Економски, социјални и културни права“, оддел 3 „Гаранции на основните слободи и права“ како и во Делот IV:*Меѓународни однооси*:

а) **чл.8, ст.1, ал.3, 6, 10 и 11 од УРМ:**

Темелни вредности на уставниот поредок на Р. С. Македонија се:

ал.3: владеењето на правото;

ал.6: правната заштита на сопственоста;
ал.10: уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
ал.11: почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

б) **чл. 9, ст. 2 од УРМ:**
(2) Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

в) **чл. 30, ст.1 и 4 од УРМ:**
(1) Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.
(4) Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

г) **чл. 51 од УРМ:**
(1) Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.
(2) Секој е должен да го почитува Уставот и законите.

д) **чл. 118 од УРМ**:
Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можјт да се менуваат со закон.

Исто така, сметаме дека горенаведените норми од побиваниов акт се спротивни на следниве законски одредби, стипулирани во *Законот за експропријација* („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012; 131/2012; 24/2013; 27/2014; 104/2015; 192/2015; 23/2016; 178/2016; 122/2021; 111/2023; 208/2024 и 258/2025), особено во Делот I: Општи одредби; оддел 5 „Надоместок“; Делот II: Постапка за експропријација – оддел 8 „Откажување од предлог за експропријација“;

а) **чл. 2, ст.1:**
*По заснованото право на сопственост на експроприраната недвижност на Република Македонија или на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, а заради реализација на јавниот интерес недвижноста може да се дава на концесија, долготраен закуп и користење согласно со закон.*

б) **чл.18, ст.1:**
(1) За експроприраната недвижност припаѓа праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста.

в) **чл.34:**
Предлагачот на експропријацијата може до правосилноста на решението за експропријација да се откаже од предлогот за експропријација.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Република Македонија е држава која ја гарантира заштиитата на приватната сопственост. Темелните вредности на *Уставот* гарантираат правна заштита на сопственоста и владеење на правото, понатаму Уставот ја гарантира **приватната сопственост**, а во случај на експропријација **го гарантира надоместокот за експроприраната недвижност**! Оспорената одредба (особено во делот) од член 3 од *Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2026), со која во членот 55 став (2) алинеја 1 од основниот закон се додаваат зборовите: „**или одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација согласно со Законот за експропријација**", е спротивна на темелните вредности на уставниот поредок, на гарантираната правна заштита на сопственоста, на начелото на владеење на правото, како и на самиот систем на експропријација воспоставен со *Уставот* и *Законот за експропријација*!

Имено, со ваквата измена законодавецот овозможува отпочнување постака за добивање на дозвола за експлоатација за енергетски минерални суровини – како последна фаза пред отпочнување на експлоатација на минералните суровини и рударски работи од страна на концесионерот [*чл.53 ст.1 Закон за минерални суровини*], врз основа на обична „*одлука за прифаќање на иницијатива за експропријација*", а **не врз основа на правосилно и конечно решение за експропријација**, како што бара и самиот *Закон за експропријација* во своите Општи одредби [*чл.2*], На тој начин, создавајќи правна можност приватен економски субјект да стекнува права врз недвижности за кои сè уште не е завршена постапката за одземање или ограничување на правото на сопственост. – Ова дотолку што согласно чл.55 ст.4 од законот: „*Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето за издавање на дозвола за експлоатација, да ја издаде дозволата за експлоатација.*"!

Со тоа директно се повредува член 30 ставови 1 и 4 од *Уставот*, затоа што уставната гаранција на сопственоста подразбира дека ограничувањето или одземањето на сопственоста може да се врши само во строго уредена постапка, со претходно утврден јавен интерес, со **конечен и правосилен акт** и со обезбеден праведен надоместок кој не смее да биде понизок од пазарната вредност. Оспорената законска формулација фактички дозволува **интервенција во сопственичките права уште во фаза кога постапката за експропријација е неизвесна и може воопшто да не заврши со експропријација** – а сопственикот на недвижноста која се експроприра воопшто да не го добие надоместокот, имајќи ја предвид можноста предлагачот да се откаже од експропријација!

- „*Предлагачот на експропријацијата може до правосилноста на решението за експропријација да се откаже од предлогот за експропријација*." [*чл.34 од Закон за експропријација*]

Оттука, членот 3 од *Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини* („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2026) е **во директна колизија** со член 34 од *Законот за експропријација*, и значи дека самата „***одлука за прифаќање на иницијативата***" нема карактер на конечен, стабилен и конститутивен правен основ врз основа на кој концесионерот би положил сопственички права врз недвижност на која може да експлоатира и врши рударски работи! Поврзувањето на правата од *Законот за минерални суровини* со еден ваков

**неизвесен и непотполн правен основ создава сериозна правна несигурност** и е спротивно на темелните вредности на владеење на правото и правната заштита на сопственоста од член 8 став 1 алинеи 3 и 6 од Уставот!

Истовремено, како што претходно посочивме, оспорената норма е **спротивна** и на член 2 став 1 од *Законот за експропријација*. Согласно тоа, **дури по заснованјето на правото на сопственост врз експроприрааната недвижност** во корист на Републиката или единиците на локалната самоуправа, недвижноста може да се дава на концесија, долготраен закуп или користење согласно закон. Значи, законодавецот во јасно воспоставил редослед и тек на постапката - **прво правосилна експропријација и стекнување сопственост од државата**, а потоа евентуално доделување концесија или користење. Со членот 3, од *Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини* („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2026), овој редослед воспоставен како општо и императивно правило - **се нарушува**, бидејќи се овозможува **право на експлоатација на минерални суровини** (последна фаза по веќе доделена концесија )(!), уште за време на фазата на иницирана, но незавршена експропријација! На тој начин нарушувајќи ги претходно цитираните темелни вредности на уставниот поредок, а сопствениците на недвижности се стаават во состојба на неизвесност и фактички притисок уште пред завршување на законската постапка, што создава **дисбаланс помеѓу јавниот интерес и индивидуалните права**.

Дополнително, ваквата законска поставеност создава ризик од злоупотреби, бидејќи економски интереси на концесионери се стаават пред уставно гарантираната заштита на сопственоста, воедно ставајќи ги во поповолна положба концесионерите кои имаат законска можност да се откажат од експропријација до правосилноста на конечното решение (!!), како што претходно е наведено - а спротивно на член 9 став 2 од *Уставот*, се создава и **нееднаква правна положба помеѓу сопствениците чии недвижности се предмет на класична експропријација и сопствениците чии недвижности се поврзуваат со експлоатација на енергетски минерални суровини прогласени за јавен интерес**! Вторите се изложени на значително поголем степен на ограничување и правна неизвесност пред кнечното завршување на постапката за експропријација, при што имаат и зголемен ризик **да останат без праведен паричен надоместок** за недвижноста на која е дозволено право на експлоатавиција т.е. е засновано сопственичко право (владеење) од страна на концесионер – спротивно на Уставните гаранции!

Оттука, повреден е и член 51 од Уставот, бидејќи законите мора да бидат во согласност со *Уставот* и со постојниот правен систем. Во конкретниот случај, законодавецот создал **нормативна противречност** помеѓу *Уставот*, *Законот за минерални суровини* и *Законот за експропријација* – при што со посебен закон фактички **се дерогираат основни гаранции утврдени со системски закон**, без притоа да се обезбедат дополнителни уставни гаранции за заштита на сопственоста.

Во таа насока, постои и несогласност со член 118 од Уставот и со меѓународните стандарди за заштита на мирното уживање на сопственоста, особено со член 1 од Протоколот бр.1 кон Европската конвенција за човекови права, кој бара **секое ограничување на сопственоста да биде законито, пропорционално и предвидливо**. Правната неизвесност создадена со оспорената норма не ги исполнува критериумите на предвидливост и правна сигурност утврдени во праксата на Европскиот суд за човекови права!

Од сите наведени причини, основано може да се заклучи дека оспорениот член 3 од *Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини* („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2026), не е во согласност со *Уставот на Република Македонија* и со *Законот за експропријација*.

***

Поради тоа, Уставниот суд, како институција задолжена за заштита на уставниот поредок, има обврска да реагира на оваа состојба и да обезбеди уставно праведна, правно сигурна и демократска рамка на изборниот процес. Поради сѐ што е наведено погоре сметаме дека оваа, очигледно антиконституционална и конфузна законска одредба, инкомпатибилна со нашиот демократски уставен поредок – земајќи ја предвид **јавната полза** (utilitas publica) и **правичноста** (aequitas) од тоа дејствие – треба што побрзо да бид касирана и повеќе да не постои во нашиот домашен правен систем како противуставна, крајно штетна и изразито непропорционална.

*Скопје*
26.V.2026

***Подносители:***

**проф. д-р Димитар Апасиев**________________

**Борислав Крмов** ________________

**м-р Реџеп Исмаил** ________________

**Јована Мојсоска** ________________

**Амар Мециновиќ** ________________

**м-р Сашко Јанчев** ________________